Врз основа на член 45 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Сл. весник на РМ", бр. 13/96) министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ ИНДИКАЦИИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО СТЕПЕНИТЕ НА ОШТЕТУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗМОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ ДОДАТОК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до VI група во степените на оштетувањето на организмот за остварување на право на ортопедски додаток.

Член 2

Медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди од I до VI група, заради остварување на правото на ортопедски додаток, се утврдени во следните степени:

1) во прв степен:

а) ампутација на два или повеќе екстремитети, врз основа на кои се утврдува воен инвалидитет од I група;

б) оштетување на функцијата на два или повеќе екстремитети што е последица од здобиена рана или повреда, а врз основа на која се утврдува воен инвалидитетод 100%;

в) потполно губење на видот на двете очи;

г) ампутација на едната нога во натколеницата или на едната рака во лактот или надлактицата;

2) во втор степен:

а) ампутација на едната нога во потколеницата;

б) ампутација на едната подлактица или на едната шака;

в) оштетување на функцијата на еден или на повеќе екстремитети што е последица од здобиена рана или повреда, како и обострана ампутација на ножјето по Chopart, ако за оштетувањето, односно за ампутацијата се утврдува воен инвалидитет о д 80% или 90%;

3) во трет степен:

а) обострана ампутација на доножјето по Lisfrank, или обострана ампутација на ножјето по Chopart, или комбинација на тие ампутации, врз основа на кои се утврдува воен инвалидитет под 80%;

б) ампутација или ексартикулација во скочниот зглоб;

в) оштетување на функцијата на еден екстремитет што е последица од здобиена рана или повреда, ако за оштетувањето на тој екстремитет се утврдува воен инвалидитет од 60% или 70%;

4) во четврт степен:

оштетување на функцијата на еден или на повеќе екстремитети што е последица од болест, а врз основа на кое се утврдува воен инвалидитет од најмалку 80%.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на РМ".

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.